Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-444/4
26 11 2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 26.11.2024 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2024 год. до 30.09.2024 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2024 год. до 30.09.2024 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 26.11.2024 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-444/4
26 11 2024 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.07.2024-30.09.2024 година

# ВОВЕД

За периодот 01.07.2024-30.09.2024 година ,ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 8.246.708,00 денари.
Реализирани се приходи на износ 72.705.933 денари и расходи на износ 64.459.224 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 65,744,169.00 | 55,871,274.00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 6,496,186.00 | 6,733,730.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 464,074.00 | 506,655.00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 1,503.00 | 1,070.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **72,705,932.00** | **63,112,729.00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | **2024 година** | **2023 година** |
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 2,917,515.00 | 3,125,445.00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12,627,962.00 | 12,771,446.00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 43,770,977.00 | 37,603,872.00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2,750,314.00 | 2,945,079.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 2,305,778.00 | 1,902,844.00 |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 0.00 | 24,780.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 70,911.00 | 6,876.00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 15,767.00 | 3,384.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **64,459,224.00** | **58,383,726.00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| Финансиски резултат | 2024 година | 2023 година |
|---|---|---|
| вкупно приходи | 72,705,932.00 | 63,112,729.00 |
| вкупно расходи | 64,459,224.00 | 58,383,726.00 |
| Добивка | 8,246,708.00 | 4,729,003.00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.07.2024 - 30.09.2024 година изнесуваат 72.705.932,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 65.744.169,00ден.
- Сектор Пајак 6.496.186,00 ден.
- Останати приходи 464.074,00 ден.
- Финансиски приходи 1.503,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2024 година | 2023 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 20,339,737.00 | 18,793,280.00 | 1,546,457.00 | 1.08 |
| 2.зонско паркирање | 37,492,328.00 | 30,630,692.00 | 6,861,636.00 | 1.22 |
| 3.катна гаража-Беко | 4,785,194.00 | 4,035,034.00 | 750,160.00 | 1.19 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 3,126,910.00 | 2,412,268.00 | 714,642.00 | 1.30 |
| Вкупно приходи: | 65,744,169.00 | 55,871,274.00 | 9,872,895.00 | 1.18 |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 9.872.895,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.546.457,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 6.861.636,00 денари.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.785.194,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 3.126.910,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се

зголемени за 750.160,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 714.642,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2024 година | 2023 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6,496,186.00 | 6,726,102.00 | -229,916.00 | 0.97 |
| 2.фактурирана услуга | 0.00 | 7,628.00 | -7,628.00 | - |
| Вкупно приходи : | 6,496,186.00 | 6,733,730.00 | -237,544.00 | 0.96 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.496.186,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 237.544,00 денари. Наплатени се вкупно 3.846 возила. Во стиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 6.733.730,00 денари односно, наплатени се 3.825 возило.

Работењето на сектор пајак е условено од соработката со Министерството за внатрешни работи но влијаат и други околоности како : недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2024 година | 2023 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 6,940.00 | 18,010.00 | -11,070.00 | 0.39 |
| од субвенции дадени во опрема | 367,902.00 | 367,902.00 | 0.00 | 1.00 |
| од наплатени судски трошоци | 15,910.00 | 20,262.00 | -4,352.00 | 0.79 |
| од наплата на штети | 20,200.00 | 18,500.00 | 1,700.00 | 1.09 |
| од др.надомест,вонред.приходи | 53,122.00 | 81,981.00 | -28,859.00 | 0.65 |
| Вкупно приходи : | 464,074.00 | 506,655.00 | -42,581.00 | 0.92 |

Во групата останати приходи која изнесува 464.074,00 денари спаѓаат приходи од наплата на отпишани побарувања и обврски, приходи од тужени побарувања, приходи од субвенции, од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Приходи од отпишани побарувања и обврски 6.940,00 денари; приходи од субвенции за набавка на опрема 367,902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 15.910,00 денари, приходи од наплата на штети 20.200,00 денари како и вонредни приходи на износ 53.122,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец септември бележиме приходи на износ 1.503,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.07.2024- 30.09.2024 година се на износ 64.459.224,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење | 201,966.00 | 86,028.00 | 115,938.00 | 2.35 |
| Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички | 515,146.00 | 801,093.00 | -285,947.00 | 0.64 |
| ел.енергија,парно | 1,174,531.00 | 1,014,602.00 | 159,929.00 | 1.16 |
| гориво и масло за подмачкување | 935,094.00 | 1,012,880.00 | -77,786.00 | 0.92 |
| Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема | 90,778.00 | 210,842.00 | -120,064.00 | 0.43 |
| **вкупно:** | **2,917,515.00** | **3,125,445.00** | **-207,930.00** | **0.93** |

Материјалните трошоци изнесуваат 2.917.515,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 201.966,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 515.146,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 1.174.531.00 ден.; гориво 935.094,00 ден. , како и трошоците за ситен инвентар 54.303,00 ден. со, ХТЗ опрема 36.478,00 ден. или севкупно двете ставки на износ 90.778,00 денари.

Од прегледот се забележува пад на дел од материјалните трошоци : кај канцелариските материјали односно фискалните, бар код ролни и грепки ; кај трошокот за гориво и кај трошокот за инвентар и хтз опрема.

Пораст на трошоците бележиме кај потрошните и материјалите за чистење и трошокот за ел.енергија .

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Поштенски,телефонаки услуги и интернет | 569,532.00 | 467,819.00 | 101,713.00 | 1.22 |
| Услуги за изработка на инфо табли | 787,800.00 | 0.00 | 787,800.00 | - |
| Услуги за тековно одржување | 2,674,979.00 | 2,035,656.00 | 639,323.00 | 1.31 |
| Тршоци за наем | 990,697.00 | 832,237.00 | 158,460.00 | 1.19 |
| Комунални услуги | 1,744,157.00 | 1,491,995.00 | 252,162.00 | 1.17 |
| Останати услуги | 264,116.00 | 219,935.00 | 44,181.00 | 1.20 |
| Останати непроизводствени услуги | 5,596,681.00 | 4,565,867.00 | 1,030,814.00 | 1.23 |
| Останати услуги - времени вработувања | 0.00 | 3,157,937.00 | -3,157,937.00 | 0.00 |
| вкупно: | 12,627,962.00 | 12,771,446.00 | -143,484.00 | 0.99 |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.627.962,00 денари кои споредено со истиот период на минатата 2023 година означуваат намалување за 143.484,00 денари .

Од табелата може да се забележи дека има пораст на сите трошоци во групата со исклучок на трошокот за времени вработувања.
И во претходниот извештај нотиравме дека како резултат на проширување на зонското паркирање во делот на општините Карпош и Аеродорм како и градежните активности на паркингот Нова Македонија зголемени се трошоците за тековно одржување , за бележење изработка на инфо табли, брендирање итн. кои минатата година
Трошокот за комунални услуги односно на услугата за собирање на смет е значително поголем како резултат на тоа што претпријатието во месец август минатата година беше задолжено од страна на ЈП Комунална хигиена –Скопје да плаќа ѓубретарина за дел од јавните површини за паркирање кај кои досега не се плаќало за овој тип на услуга.
Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет во овој квартал од годината споредено со минатата година.

Значително намалување бележиме кај трошокот за времени вработувања од причина што во 2024 година не се одобрени средства за ангажирање на вработени преку Агенција, оттука и намалување на трошокот за 3.157.937,00 денари.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 43,708,029.00 | 37,577,206.00 | 6,130,823.00 | 1.16 |
| **отпремнина** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 20,341.00 | 6,666.00 | 13,675.00 | 3.05 |
| **помош на вработени** | 42,607.00 | 20,000.00 | 22,607.00 | 2.13 |
| **вкупно:** | **43,770,977.00** | **37,603,872.00** | **6,167,105.00** | **1.16** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата и др.трошоци на вработените изнесува 43.770.977,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 6.167.105,00 денари.

За период 01.07-30.09.2024 година трошокот за бруто плата изнесува 43.708.029,00 денари. Бројот на вработени во јавното претпријатие заклучно септември изнесува 246 лица додека бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 249 лица. Зголемувањето на трошокот за плати произлегува пред се како резултат на зголемување на платите за 10% согласно примена на Колективниот договор за јавен сектор од крајот на минатата година со примена за платите од месец септември 2023 година. Во 2024 година имавме корекцијата – усогласување на платите каде линеарно беа зголемени за 2.176,00 денари почнувајќи од платата за месец февруари.

Во извештајниот период евидентирани се трошоци за една јубилејна награда за 10 години непрекинат стаж во претпријатието на износ 20.341,00 денари како и надомест за непрекинато боледување во траење над шест месеци на износ 42.607,00 денари.

Трошокот за плати варира како резултат на движења на вработените по основ вработувања, откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства исплата на надоместоци од плата согласно колективен договор итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.750.314,00 денари и е помал во споредба со минатата година кога изнесувал 2.945.079,00 денари.

## ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

| ОПИС | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 4,576.00 | 59,676.00 | -55,100.00 | 0.08 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 440,004.00 | 466,671.00 | -26,667.00 | 0.94 |
| репрезентација | 60,332.00 | 88,460.00 | -28,128.00 | 0.68 |
| спонзорство | 0.00 | 0.00 | 0.00 | - |
| трошоци за осигурување | 382,695.00 | 29,141.00 | 353,554.00 | 13.13 |
| банкарски провизии | 208,137.00 | 166,821.00 | 41,316.00 | 1.25 |
| трош за ДДВ,членарини и адм.такси | 986,370.00 | 765,966.00 | 220,404.00 | 1.29 |
| трошоци за користење на права | 0.00 | 146,265.00 | -146,265.00 | 0.00 |
| Останати трошоци на работењето | 223,664.00 | 179,844.00 | 43,820.00 | 1.24 |
| вкупно: | **2,305,778.00** | **1,902,844.00** | **402,934.00** | **1.21** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.305.778,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 4.576,00 денари, надоместоци на органите на управување 440.004,00 денари, репрезентациј 60.332,00 денари, осигурување 382.695,00 денари, банкарски провизии 208.137,00 денари, трошок за ДДВ 954.719,00 денари и административни такси 31.651,00 денари; не се евидентирани трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери. Во групата останати трошоци на работење евдентирани се трошоци во вкупен износ од 223.664,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 180.085,00 ден.; трошоци за договор на дело 33.333,00 денари;;трошоци за огласување 9.166,00 ден. како и судски трошоци на износ 1.080,00 денари.

## ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Не се евидентирани за овој период трошоци по основ на тужени побарувања. Минатата година овие трошоци изнесувале 24.780,00 денари и се однесувале за ненаплатени побарувања по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање од 2022 година.

## ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 70.911,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 30.846,00 денари, и

вонредни расходи на износ 40.065,00 денари по основ надомест на трошоци од осигурување по основ кражба на паркиралиште Клинички центар.

### *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 15.767,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, услуги за ѓубретарина ,телефон и вода.

| ОПИС | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Вредносно услогласување** | 0.00 | 24,780.00 | -24,780.00 | - |
| **Одобренија по рекламации** | 30,846.00 | 6,876.00 | 23,970.00 | 4.49 |
| **Вонреднио расходи** | 40,065.00 | 0.00 | 40,065.00 | - |
| **Камати** | 15,767.00 | 3,384.00 | 12,383.00 | 4.66 |
| **вкупно:** | **86,678.00** | **35,040.00** | **51,638.00** | **2.47** |

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

### *ОСНОВНИ СРЕДСТВА*

Во извештајниот период инвестирано е во набавка на нови средства , опрема на износ од 859.764,00 денари. Се работи за наплатна куќарка 330.000 денари за потребите на Сектор јавни паркиралишта каде системот на паркирање е организиран со електронска рампа - паркиралиште Дом на печат. Понатаму, набавена е опрема за системот за видео надзор (аналогни булет камери , упс-и и монитори) на износ 394.600,00 денари; клима уред 29.999,00 денари за потребите на паркиралиште Дом на печат; три сефови за потребите на јавни паркиралишта на износ од 105.165,00 денари.

### *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2024 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 93.835.592,00 денари.

За периодот 01.07.2024-30.09.2024 година евидентирани се побарувања од купувачи на износ 65.843.698,00 денари . Наплатата на побарувањата изнесувала 68.310.910,00 денари. Во месец септември наплатена е фактурата за паркинг услуги за лицата со попреченост на износ 3.498.000,00 денари.

Наплатата на дел од побарувањата се врши тековно и во наредните пресметковни периоди.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.
Во третиот квартал од годината евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 19.816.456,00 денари додека пак исплата на обврски извршена е на износ од 19.654.949,00 денари.
Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 6 .611.230,00 денари.
На стартот на наредниот квартал односно на 01.10.2024 извршено е плаќање на обврска за комунална такса за последните три месеци од 2023 година на износ 6.165.377,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.07.2024-30.09.2024 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 8.246.708,00 денари.

Позитивниот финансиски реултат е остварен како резултат на зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање. Стабилно ниво на приходи се остварува и од работата на сектор пајак од подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Обврска која сериозно финансиски го оптеретува претпријатието е комуналната такса за која очекуваме дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се изнајде законско решение за нејзино намалување .

Во зависност од условите на стопанисување очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и во периодот што следи.

*Изработил:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Мартин Гаврилски